Министерство за труд и социјална политика
Проект за условени парични надоместоци (УПН Проект)
Кредит Бр.7735-МК

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**на јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите за изградба на нова градинка и за документот "Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти за изградба на нова градинка" во Општина Струмица во рамки на Проектот за подобрување на социјални услуги (ППСУ Проект)**

Во рамки на "Проектот за подобрување на социјални услуги **(ППСУ Проект)**" кој се реализира од Министерството за труд и социјална политика со финансиска поддршка од Светска Банка, а со цел зголемување на капацитетите за сместување на деца од предшколска возраст Општина Струмица аплицираше со проект за изградба на нова детска градинка.

Согласно Оперативниот прирачник на проектот и Оперативниот прирачник за администрирање на грантови за изградба на предушилишна инфраструктура Министерството за труд и социјална политика и Општината Струмица, организираат јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите за изградба на нова градинка и за документот "Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти за изградба на нова градинка" во кои се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализацијата на проектот.

Документот "Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти" ќе биде ставен на јавен увид на веб страните на:Министерството за труд и социјална политика (http://www.mtsp.gov.mk/) и на Општина Струмица (https://strumica.gov.mk/index.php/mk/) .

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 14 дена од поставување на документот на веб страна.

Со цел презентирање на главните наоди од подготвениот документ "Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти", Министерството за труд и социјална политика заедно со Општина Струмица ќе организираат јавна расправа на ден 08.10.2019 со почеток во 12.00 часот. Јавната расправа ќе се одржи во просториите на "Домот на АРМ " во Општина Струмица.

**Министерството за труд и социјална политика**